ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 0806-7/1
11.01.2021 год.
СКОПЈЕ

**Влада на Република Северна Македонија**
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**Црвен крст на Република Северна Македонија**
(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

**Борба против трговија со луѓе**
(Име на проектот)

Скопје, 11. 01. 2021 година

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | Договор: 29-70/2 од 18.10.2019 година<br>Анекс: 25 – 16/3 од 22.05.2020 година |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Црвен крст на Република Северна Македонија |
| Наслов на проектот | Борба против трговија со луѓе |
| Период на спроведување на проектот | од ноември 2019 година до октомври 2020 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Саит Саити, Генерален секретар |
| Проектен менаџер | Љупка Петковска |
| Телефон и е-пошта за контакт | 071 223 897, petkovska@redcross.org.mk |
| Цел на проектот | Да се подобри превенцијата на трговијата со луѓе во земјата, преку надградба на капацитетите за подигање на свеста на младата популација за сите форми на трговија со луѓе.<br><br>Цел/и на проектот<br><br>• Да го зајакне капацитетот на Црвениот крст на Република Северна Македонија да се обезбеди адекватна превенција на трговијата со луѓе меѓу младата популација;<br>• Воспоставување на мрежа на врснички едукатори меѓу 6 општински организации на Црвен крст;<br>• Да се подигне свеста за трговијата со луѓе меѓу 1200 ученици од основните и средните училишта |
| Целна група | • 1200 ученици од основни и средни училишта во 6 града.<br>• 30 волонтери на Црвен крст обучени како едукатори |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Основни и средни училишта на територија на општините Кочани, Кичево, Куманово, Битола, Прилеп и Ресен |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | _596 496_ ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | _596 496_ ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Борба против трговија со луѓе е проект за превенција на трговијата со луѓе во земјата, преку надградба на капацитетите за подигање на свеста на младата популација за сите форми на трговија со луѓе. Истиот е наменет за младите на Црвениот крст и младите на Република Северна Македонија воопшто, вклучувајќи ги активно во врсничката едукација и превенција од трговија со луѓе.

Проектот опфаќа изградба на стабилна мрежа за врсничка едукација на млади на Црвен крст на Република Северна Македонија. Се имплементира преку едукативни тренинзи за врсничка едукација на

30 волонтери од 6 општински организации на Црвениот крст Кочани, Кичево, Куманово, Битола, Прилеп и Ресен кои во своите средини ги пренесуваат своите знаења на нивни врсници преку организирани едукативни работилници во основни и средни училишта. Црвениот крст ан Република Северна Македонија има активен Меморандум за соработка со Министерството за образование и наука од 2016 година кој овозможува имплементација на ваков тип на активности во училиштата а во градовите Кочани, Кичево, Куманово, Битола, Прилеп и Ресен во рамките на основните училишта дејствуваат и 19 училишни клубови на Црвен крст.

Проектот опфаќа активности за подготовка на информативни материјали за млади за подигање на свеста за превенција од трговија со луѓе, координација со општинските организации на Црвен крст каде се вклучуваат волонтери, дефинирање на критериуми за обука на врснички едукатори, селекција и обука на волонтери за трговија со луѓе и социјални вештини за пренесување на знаења помеѓу млади, одржување на работилници за подигање на свест помеѓу млади во основни и средни училишта и евалуациски состаноци.

Оваа програма Црвениот крст на Република Северна Македонија ја спроведува од 2009 година со систем на ротација на 3-6 града годишно

За секоја активност подготвени се засебни извештаи за одржувањето и постигнувањата кои се доставени во прилог на овој извештај.

Заради избивањето на пандемијата со Ковид 19 и донесување на мерки за заштита од страна на Владата, односно немањето можност за одржување на работилници во основните и средните училишта, во координација со директорите на училиштата активностите се поместени за второто полугодие од учебната 2020/2021 година односно до создавање на услови за одржување.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**

Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| Активност 1: Информативни материјали за подигање на свеста | Подготвени се едукативни флаери кои содржат основни информации за трговијата со луѓе, најчестите облици и препораки за превенција и заштита. Истите се наменети за дистрибуција на ученици во основни и средни училишта при одржувањето на едукативни работилници. Флаерите се отпечатени на македонски и албански јазик | 01.02-06.03.2020 | Отпечатени 12 000 флаери на македонски јазик<br>4000 флаери на албански јазик |
| Активност 2: Инструктивен состанок | Со цел да се претстават проектните активности насочени кон зајакнување на капацитетите на националното друштво за реализација на активности за превенција од трговија со луѓе на 21 ноември 2019 година беше организирана инструктивна работилница. Истата беше организирана во просториите на Општинската организација на Црвен крст Битола. На работилницата исто така беа презентирани позитивни практики од досегашни имплементирани превентивни активности. На инструктивната | 21.11.2019 | Претставени активности, дадени насоки за селекција на едукатори, поставени критериуми и временски рокови за избор |


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | работилница присуствуваа секретарите на општинските организации на Црвен крст Кочани, Кичево, Куманово, Битола, Прилеп и Ресен и еден претставник од општинската организација - координатор на активностите за борба против трговија со луѓе. | | |
| Активност 3: Организирање на две четири-дневни тренинг работилници за врснички едукатори за трговијата со луѓе за вкупно 30 волонтери од 6 општински организации | Од 23 до 26 јануари 2020 година за претставници од ООЦК Кочани, Кичево и Куманово и од 30 до 01 февруари 2020 година за претставници од ООЦК Битола, Прилеп и Ресен, во Центарот за едукација на кадри на Црвениот крст во Струга „х.Солферино“, се одржаа работилници за обука на волонтерите за врсничка едукација на млади за борба против трговија со луѓе за натамошно пренесување на стекнатите знаења на нивни врсници од основни и средни училишта во трите општини. За обуката беа ангажирани посебно обучени тренери за врсничка едукација согласно методологијата на Меѓународната федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина.<br>На волонтерите на Црвениот крст покрај обуката обебзедени им беа и едукативни алатки кои ќе ги користат во насока на подобрувањето на планирањето и имплементирање на работилниците во основните и средни училишта. | 23-26.01.2020<br>30.01.-02.02.2020 | Обучени 30 врснички едукатори, по 5 од Кочани, Кичево, Куманово, Битола, Прилеп и Ресен. |
| Активност 4: Организирање на две четири-дневни тренинг работилници за зајакнување на социјални вештини на врсничките едукатори за вкупно 30 волонтери од 6 општински организации. | Од 20 до 23 февруари 2020 година за претставници од ООЦК Кочани, Кичево и Куманово и од 18 до 21 септември 2020 година за претставници од ООЦК Битола, Прилеп и Ресен , во Центарот за едукација на Црвениот крст во Струга „х.Солферино“, се одржа и втората работилница за обука на волонтерите на Црвениот крст за стекнување на социјални вештини и организирање на работилници со млади, со поддршка на Центарот за неформално образование Рубикон како партнер на Црвениот крст на РСМ во имплементација на проектот. | 20-23.02.2020<br>18-21.09.2020 | Обучени 30 волонтери за зајакнати социјални вештини и организирање на работилници со млади, по 5 од Кочани, Кичево, Куманово, Битола, Прилеп и Ресен. |
| Активност 5: Координативен состанок | На 14 февруари 2020 година беше одржан кородинативен сосотанок со претставници на обучените тимови на општински организации на Кочани, Кичево, Куманово, Битола, Прилеп и Ресен. Целта на работилницата беше да се разгледаат и одобрат плановите за акција за борба против трговија со луѓе. На состанокот одговорните лица за | 14.02.2020 | Презентирани планови за одржување на работилници, дадени насоки за известување, дефинирани временски рокови за терен |


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | проектот од Црвениот крст на РСМ ги презентираа насоките за натамошна имплементација на локалните планови кои треба да се применат и почитуваат при имплементација на едукативните работилници во основните и средните училишта во шесте општини. | | |
| Активност 6: Работа на терен – одржување на работилници во основни и средни училишта како и во клубовите на млади | Превентивните едукации не се реализираа согласно планот заради затворање на училиштата и примена на мерките и протоколите за заштита и превенција од Ковид-19 пропишани од Владата на РСМ. Истите се договорени со директорите на училиштата да се реализираат во текот на учебната 2020/2021 година. | | Поместена имплементација на активности во координација со директори на училишта за второ полугодие од учебна 2020/2021 година, доколку условите со Ковид 19 овозможуваат реализација на овој тип на работилници. |
| Активност 7: Евалуациски состанок | На 01 октомври 2020 година во просториите на Општинска организација на Црвен крст Кичево се одржа евалуациски сосотанок за евалуација на проектните активности со претставници на обучените тимови на шесте општински организации на Црвен крст Кочани, Кичево, Куманово, Битола, Прилеп и Ресен.<br>Целта на состанокот беше да се утврдат постигнатите резултати, ефектите од имплементираните активности, како и да се дадат конкретни насоки за идно дејствување на локално ниво. На состанокот беше искажано задоволството од реализацијата на проектните активности насочени кон зацврстување на капацитетите на националното друштво и обуките на волонтерите за заштита од трговијата со луѓе. Дискутирани беа можности за одржување на онлајн обуки кои понатаму со директорите на училиштата се договорени за спроведување до крајот на учебната година. Дадени се насоки за имплементација на 2 работилници со волонтери во клубовите на млади со почитување на протоколите и одржување на дистанца, како и истражување на можности за одржување на работилници на отворен простор доколку е временските услови го дозволуваат тоа. | 01.10.2020 | Дадени насоки за работилници со волонтери од клубови на млади и истражување на можности за одржување на онлајн работилници во училишта |
| Активност 8: Дополнителна едукација на врснички едукатори | По добиеното одобрување, во периодот од 25 до 28 септември 2020 година организирана е и дополнителна работилница за обука на врснички едукатори за волонтери од ООЦК | 25-28.09.2020 | Обучени 12 врснички од Кавадарци, Гостивар, Струмица и Охрид |


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генерален секретаријат

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Кавадарци, Гостивар, Струмица и Охрид | | |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

- Измени и дополнувања на планираните активности

По избивањето на пандемијата Ковид-19 дел од активностите предвидени во Активност 4, Активност 6 и Активност 7 мораа да бидат поместени и модифицирани согласно Мерките и препораките за заштита и превенција од Ковид-19 пропишани од Владата на РСМ

- Детали, доколку планот е изменет и дополнет

Модификацијата на буџетот е уредена со Анекс на договор за обезбедување на финансиска поддршка Анекс: 25 – 16/3 од 22.05.2020 година. Со Анексот се уредени временскиот рок за имплементација заклучно со 15 Октомври 2020 година, како и заради одредени заштеди во буџетот за мониторинг посети договорено е и одржување на дополнителна работилница за обука на врснички едукатори. Теренските активности во рамки на Активност 6 се одложуваат за период кога ќе има услови за спроведување согласно Мерките и препораките за заштита и превенција од Ковид-19 пропишани од Владата на РСМ.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Отпечаетени едукативни флаери | | 16 000 | |
| Отпечатени маици за едукатори | | 40 | |

**6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот**

- Заклучок за постигнувањето на целите

Направената евалуција на одржаните обуки говори за високо задоволство на учесниците од одржаните тренинзи. Вкупно обучени се 30 волонтери од 6 града како првично планирани едукатори, а дополнително бројката е зголемена за уште 12 волонтери од 4 града или вкупно се обучени 42 волонтери од 10 града.

- Заклучок за вклученоста на целната група

Со оглед на динамиката која беше поставена со проектот, подготвеноста на волонтерите и нивните предзнаења придонесоа активно да се вклучат и успешно да ги планираат активностите на терен. Договорени се онлајн работилници во текот на учебната година и истите ќе се имплементираат во координација со директорите на училиштата.

- Научени лекции, сугестии за во иднина

Врсничката едукација како модел на пренесување на знаења кај младите претставува најефикасен метод, особено кога станува збор за овој тип на појави кои можат да го загрозат секојдневието на еден млад човек. Модулот на онлајн едукација отвора можност за поголема опфатеност на целните групи, но истата треба дополнително да се промовира. Потребно е да се развиваат и прошират активностите и обуките и во останатите општини во Северна Македонија со цел да се опфати поголем број на млади.

## 7. Резиме на Финансискиот извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Договорот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| I. Човечки ресурси | | | |
| II. Оперативни трошоци | | | |
| III. Директни трошоци | 596 496 | 596 496 | |
| Вкупни трошоци (I+II+III) | 596 496 | 596 496 | |

## 8. Документација

(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

- Финансиски извештај со пропратна документација
- Примерок од флаери на македонски и албански јазик

Скопје, 11.01. 2021 год.

д-р Саит Саити, Генерален секретар

(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П.

(Потпис)